До Државната комисија за спречување на корупцијата, преку web формата на Државната комисија доставено е Барање за мислење, во врска со тоа дали постои судир на интереси вработено лице како советник инспектор од категорија државни службеници В-1 во Државниот инспекторат за труд да ја врши функцијата член/претседател на Совет на општина.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица **и вработените во јавниот сектор.**

Државната комисија е на став дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не постои забрана вработено лице во Државниот инспекторат за труд да врши функција член/претседател на Совет на општина, освен ако истото е забрането или ограничено во други внатрешни акти на Државниот инспекторат за труд со оглед на надлежноста која ја има оваа институција.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**